**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**П Р И Л О Г**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка |
| Одговорно лице и контакт информации: | Никола Прокопенко - Државен советник<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | ДА |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 15.07.2022 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 15.08.2022 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | __________2022 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Септември 2022 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Министерството за правда со заклучок од 58-та седница на Владата на РСМ, одржана на 05.07.2022 година е задолжено да достави Предлог на закон со краен рок за постапување до 26.09.2022 година, во кој ќе се предвидат соодветни законски решенија за привремено одземените ефективни домашни и странски парични средства од страна на Агенцијата за управување со одземен имот по одлуките на судските и другите органи.

Досегашната примена на закононските одредби од 2008 година, кога беше донесен Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, и основањето и работата на Агенцијата за управување со одземен имот во 2009 година покажаа одредени слабости во системот воспоставен заради успешно, ефикасно и економично управување со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

Со цел да се утврди и надмине постојната состојба, од страна на ГИЗ беше ангажиран домашен експерт од академската заедница. Од спроведената анализа и утврдените проблеми со кои се соочува Агенцијата за управување со одземен имот преку пренесеното искуство од вработените во Агенцијата, посочени се повеќе заклучоци и препораки, за кои се дадени конкретни решенија во предложеното законско решение. Согласно заклучокот дека измена на законот е потребна и неопходна за да одговори на современите текови, за подготовка на предлог-законот министерот за правда формираше меѓуресорска стручна работна група со претставници од повеќе засегнати органи и институции: претставници на академската заедница од правните факултети, судии од кривична и граѓанска област - претставници од судовите, јавни обвинители од јавните обвинителства, државни правобранители, претставници од Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за управување со одземен имот, Министерство за правда, Министерство за финасии, Министерство за внатрешни работи, Царинската управа на Република Северна Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Појдовна точка за подготовка на предложеното законско решение се домашните и компаративните искуства од повеќе држави, а посебен акцент беше ставен на државите од регионот од причина на сличност на правните системи.

По спроведената анализа, утврдена е потребата за унапредување на законските одредби, како резултат на повеќе причини:

- Правни празнини, недоследности и недоречености во законот кои создаваат проблеми за успешно управување со конфискуваниот и одземен имот;

- Измени на Кривичниот законик и воведувањето на проширената конфискација, но и имплементацијата на Директивата 2014/42/ЕУ на Европскиот парламент и Европскиот совет од 3 април 2014 за замрзнување и конфискација на предмети и приноси од казниво дело во Европската унија, кои неопходно доведуваат до потребата за воведување на измени на постојниот закон кои ќе одговорат на овие новини;
- Утврдени проблеми и препораки дадени во извештајот на ОБСЕ од април 2022 година за опциите на политиката за пренамена на конфискувани средства стекнати со криминал кои се однесуваат во земјите во регионот;
- Терминолошко унапредување и воедначување на изразите од законот со новите измени и дополнувања на Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка, при што се усогласуваат тековните прелози за измена и дополнување на овие два закони кои се во фаза на подготовка;
- Потребата од воведување на нови механизми согласно современите европски и меѓународни стандарди за постапување со оваа материја:
- терминолошко унапредување на одредбите од Предлог законот во насока на хармонизирање со наведената ЕУ Директива;
- потребата од зајакнување на Агенцијата и стручен состав на Управниот одбор;
- потребата од воведување на систем за водење на одземени предмети и конфискуван имот;
- потребата од зголемени финансиски средства за Агенцијата со цел нејзино ефикасно работење;
- дополнување на законските решенија за утврдените правни празнини и недоречености со цел да не се создаваат дополнителни трошоци за чување и пропаѓање на предметите, преку унапредување на одредбите со кои се уредува постапката за управување со имотот, како и предвидување на начини и услови за продажба на привремено одземениот имот;
- потреба од воведување на одредби за социјално повторно користење (social reuse) на привремено одземениот имот, трајно одземениот имот и конфискуваниот имот;
- зајакнување на одредбите за ефикасна продажба;
- дополнително регулирање на решенијата за управување со опасни материи и други специфични предмети
- нормирање на постапката за управување со хартии од вредност и електронски пари, односно соодветни законски решенија за привремено одземените ефективни домашни и странски парични средства,
- потреба за доуредување на постапувањето со стари возила.

Со предложеното законско решение се пристапува кон надминување на горе наведени проблеми, преку воведување на нови механизми согласно европските и меѓународни стандарди за постапување со оваа материја.

## 2. Цели на предлог регулативата

1. Надминување на воочените и посочени проблеми и предизвици преку законско регулирање на правните празнини согласно меѓународните стандарди и јасна предвидливост на постапките за управување со конфискуваниот имот што ќе овозможи брзо и ефикасно управување. Надлежноста на органите при постапувањето е точно определена. Јасноста и прецизноста на законските одредби и нивна доследна имплементација ќе доведат до правна стабилност и успешност на системот за конфискација.

2. Овозможување на електронски регистар за следење на конфискуван имот во секој момент.

3. Овозможување на функционално работење на Агенцијата за управување со конфискуван имот преку зголемени финансиски средства. Поголема оперативност на Агенцијата и зголемување на нејзината ефикасност во управувањето со имотот, значи стекнување на поголем профит за државата преку продавање на конфискуваниот имот истовремено исполнувајќи ја главната цел дека „криминалот не се исплати".

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Ќе продолжи праксата со неефикасно управување заради нерегулирани постапки во законот, недоверба во системот дека може успешно да се вратат криминално стекнатите средства назад на државата и во општеството, немање увид во состојбата на имотот или предметот со податоци за нивната вредност што може да доведе до штета за државата.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Регулаторна мерка: Да се донесе предложениот Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка кој нуди современи и оптимални решенија за надминување на постојната состојба.
Со отпочнувањето на примената на одредбите од новите закони, се очекува надминување на тековните проблеми кои се јавуваат досега.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија
Има

4.2 Фискални влијанија

Овој закон ќе предизвика фискални импликации врз државниот буџет, од причина што дел од процентот од продажбата треба да се уплати директно на буџетот на Агенцијата, за кој износ би бил намален буџетот на Република Северна Македонија. Воведувањето на електронски регистар еднократно ќе предизвика трошоци, за што се очекува помош од меѓународни средства. Трошоците за неговото одржување и зголемениот состав на Управниот одбор за два члена ќе предизвика финансиски импликации.

Сепак, предвидените нови ефикасни постапки за управување со конфискуваниот имот во пракса треба да доведат до значајно намалување на трошоците за чување и управување со имотот, од причина што во повеќето постапки се предвидува брза продажба на конфискуваниот имот и директен прилив во Буџетот, а исто така се очекува прилив од закупнина и користење на недвижниот конфискуван имот .

4.3. Социјални влијанија

Во дел од предложените законски одредби се овозможува „социјална корист". Имено, членовите 54 и 55 определуваат дека имот кој не можел да се продаде и е објавен во електронскиот регистар може да биде отстапен на државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи, независните регулаторни тела основани од Република Северна Македонија, трговските друштва основани од Република Северна Македонија и други основани од Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа како и на здруженијата на граѓани и фондациите, врз основа на изјава на потребите со образложен предлог со елаборат на намена и остварување на социјално оправдани цели.

Членот 56 регулира отстапување на одземените подвижни предмети како храна, облека, обувки и безалкохолни пијалаци без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженијата на граѓани и фондациите.

Со членот 66 се обезбедува социјална корист од дивоградбата, за која доколку постојат услови за нејзина легализација не може да биде цел на комерцијална продажба, но може да биде отстапена на други органи на власта или на невладини организации кои што се регистрирани за давање помош и заштита на социјално ранливите категории на граѓани на Република Северна Македонија.

4.4 Влијанија врз животната средина

Членот 72 регулира постапување со опасни материи согласно посебните закони кои ја заштитуваат животната средина.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Текстот на Предлог Законот ќе биде објавен на ЕНЕР и по завршувањето на фазата на консултации ќе се пристапи кон неговото усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија. Законот беше изготвен од работна група составена од претставници од повеќе релевантни институции и за истиот ќе биде организирана јавна расправа.

Предлог Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка го подготви работна група составена од претставници од: Правниот факултет , Државниот универзитет во Тетово, Агенцијата за управување со одземен имот, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Основниот кривичен суд Скопје, Основното јавно обвинителство Скопје, Вишо јавно обвинителство Скопје, Државно правобранителство на РСМ, Народната Банка на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Царинска управа.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Предлогот на закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка содржи девет глави и 81 член.
Со Предлог законот се воведува брз, модерен и ефикасен систем на управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Се очекува зајакната улога и ефикасност на работата на Агенцијата преку зголемени финансиски средства и обезбедување на стручен Управен одбор, директор и зголемен број стручни вработени лица за да ги спроведуваат предложените законски одредби. Агенцијата постапува согласно начелата на итност и ефикасност и начелата на добар домаќин и добар стопанственик и ги презема сите неопходни мерки за чување и одржување на привремено одземениот имот и одземените предмети. Воедно, Агенцијата ќе отвори посебна сметка преку која ќе се овозможи полесно спроведување на предвидените постапки за управување согласно законот. Дополнителното регулирање на правните празнини од праксата за постапување со одреден вид предмети ќе придонесе за олеснување на работата на Агенцијата, но и прецизно определување на надлежностите и постапувањето на другите органи. Водењето на електронски регистар ќе овозможи увид за секој одземен или конфискуван имот, а соработката меѓу органите е клучна за успешно спроведување и завршување на постапките.
Конкретните законски решенија и нивното образложение се дадени во предлог текстот на законот кој е доставен на ЕНЕР.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Овој закон е зависи од законските решенија од Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка. Од овие причини се предлага нивно усогласување.

Одредбите од други закони и подзаконските акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ќе треба се усогласат со одредбите од овој закон заклучно со 31 декември 2022 година.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконските акти чие донесување е предвидено со одредбите на овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

- Подзаконски акт на Агенцијата за начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија на граѓани и фондации

-Подзаконски акт за доуредување на условите за начинот и одлуката за распределба и приоритет во отстапувањето на одземените предмети и конфискуван имот.

-Подзаконски акт во кој се уредуваат поблиските услови за начинот на избор на банките и овластените финансиски институции што управуваат и ги продаваат одземените хартии од вредност

-Подзаконски акт на Управниот одбор на Агенциајта со што се пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија на граѓани и фондации.

-Управниот одбор на Агенцијата донесува подзаконски акт со што го пропишува образецот на записникот за одземените наркотични дроги, психотропни сустанции и прекурзори до моментот на донесување на одлуката за уништување и уништувањето се предаваат на чување во Агенцијата.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Агенција за управување на одземен имот, судови, јавни обвинителства, Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Државно правобранителство, Народна банка на РСМ, Министерство за правда и други релевантни институции во врска со законот.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

- Овозможување на зголемени финансиски средства за Агенцијата,
- навремено подготвување и донесување на предвидените подзаконски акти
- спроведување на роковите и законските одредби за конституирање и постапување на органите на Агенцијата
- навремено спроведување на законските одредби согласно определените рокови на сите други надлежни институции

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следење на годишните извештаи на Агенцијата

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Следење на воведување на електронскиот регистар и следење на одредбите и мерење на успешноста на спроведените постапки за продажба и другите постапки уредени со овој закон во рок од пет години.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**____________

...............................................
**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 15-07-2022

...............................................
**потпис на министерот**

Република Северна Македонија · МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА · Republika e Maqedonisë së Veriut · MINISTRIA E DREJTËSISË · Скопје-Shkup